MAJ 2026

Finelevate360

# DIGITAL COMPLIANCE RADAR

## Издание #1

**ПОДГОТВЕНО ОД**

Finelevate360




www.finelevate360.com

**Digital Compliance Radar** е периодичен регулаторен извештај на Finelevate, наменет за секторите за усогласеност, техничките и другите релевантни сектори во банки, осигурителни компании, финтек компании, финансиски институции, како и продуктни и сервисни компании кои испорачуваат дигитални решенија за финансискиот сектор.

Извештајот ги следи и структурира регулаторните промени кои можат да влијаат врз дизајнот, имплементацијата и идната употреба на дигитални решенија. Тој обезбедува јасен преглед низ три перспективи: Европската Унија, регионалните случувања и конкретните регулаторни промени во Северна Македонија.

Целта е да им помогне на институциите и деловните субјекти да ги идентификуваат претстојните обврски, да го разберат нивното потенцијално деловно, регулаторно и технолошко влијание, и навремено да се подготват за промени поврзани со дигитален идентитет и доверливи услуги, заштита и безбедност на податоци, вештачка интелигенција, дигитални канали и поширока дигитална трансформација.

Finelevate360

# СОДРЖИНА


Закони на кои им истекол рокот за консултација ........ 4

Известување за започнат процес на донесување на закони ........ 5

Закони во Собраниска постапка ........ 6

Закони и акти објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ ........ 8

Новости од ЕУ ........ 9

**МАЈ 2026**

1. **Закони на кои им истекол рокот за консултација**

1.**1. Закон:**

Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

**За кој се однесува?**

Централниот регистар на Република Северна Македонија, трговските друштва и другите правни лица запишани во регистрите што ги води Централниот регистар, физичките лица чии податоци се обработуваат во рамки на регистарските постапки, регистрационите агенти, како и надлежните државни органи и институции со кои се врши размена на податоци.

**Која е целта?**

- Усогласување со законодавството на Европската Унија и тоа со Директивата (ЕУ) 2019/1151 на Европскиот парламент и на советот од 20 јуни 2019 година за изменување на Директивата (ЕУ) 2017/1132 за употребата на дигитални алатки и процеси во правото на трговски друштва.
- Унапредување на размената на податоци.
- Поврзување на едношалтерскиот систем со други државни регистри.
- Зајакнување на заштитата на личните податоци - воведување на одредби за заштита на личните податоци.
- Воведување податок за пол при регистрација и промена на податоци за правни субјекти.
- Усогласување со новата Национална класификација на дејности (НКД Рев.2.1).
- Подобрување на контролата врз регистрационите агенти.
- Обезбедување ажурна евиденција на лицата кои имаат пристап до системот за е-регистрација.
- Подобрување на ефикасноста и интегритетот на регистарскиот систем.
- Идентификација на корисници на електронски услуги со употреба на средство за електронска идентификација преку систем за идентификација, а начинот на проверка на идентитетот на корисниците за директен пристап до софтверските решенија преку системот за идентификација и за пристап до истите преку Националниот портал на електронски услуги треба да биде пропишан од Министерот за економија по предлог на Централниот регистар.

**Планирано влегување во сила:**

Осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Планирано влегување во примена:**

Осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите за евидентирање на податокот за полот и даночниот идентификационен број, кои ќе започнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

## 2.Известување за започнат процес на донесување на закони

**2.1. Закон:**

Предлог на Закон за заштита на физички лица во врска со обработката на лични податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции

**За кој се однесува?**

Физичките лица при обработката на нивните лични податоци заради спречување на кривичните дела, како и откривање или гонење на сторителите.

**Која е целта?**

Транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на лични податоци од страна на надлежните органи за целите на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни, како и за слободно движење на такви податоци, и за укинување на Рамковната одлука на Советот 2008/977/ПВР (правда и внатрешни работи)

**Очекуван почеток на консултации: Јуни 2026**

## 3.Закони во Собраниска постапка

### 3.1. Закон:

Предлог на закон за парничната постапка (*)

**За кој се однесува?**

- Судовите кои постапуваат во парнични предмети.
- Странките во парничната постапка (граѓани и правни лица).
- Адвокатите и полномошниците, вештаците, толкувачите и преведувачите.
- Јавните обвинители кога учествуваат во парнични постапки.
- Институциите кои ќе бидат вклучени во електронската комуникација и достава со судовите.

**Која е целта?**

- Зголемување на ефикасноста на парничната постапка.
- Дигитализација на судските процеси, употреба на електронски документи и воведување на електронска достава согласно eIDAS.

**Планирано влегување во сила:**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Планирано влегување во примена:**

По истекот на шест месеци од денот на влегувањето во сила, освен одредбите кои што се однесуваат на подготовката и текот на рочиште односно расправа што се одржува на далечина или изведување на одделни докази на далечина со употреба на средства за електронска комуникација, електронските документи, електронската достава, електронски квалификуван потпис и дигитализирани примероци на судски одлуки и записници, кои ќе отпочнат да се применуваат по истекот на 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### 3.2. Закон:

Предлог на закон за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија согласно Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр. 2/2024 за олеснување на електронската трговија, донесена на 9 октомври 2024 година

**За кој се однесува?**

- Државните органи надлежни за спроведување на ЦЕФТА обврските, царинските и инспекциските органи.
- Давателите на услуги на информатичко општество, домашните и странските трговци кои продаваат стоки и услуги по електронски пат, малите и средните претпријатија кои учествуваат во прекугранична е-трговија.
- Потрошувачите кои купуваат стоки и услуги преку интернет во рамките на ЦЕФТА регионот.

**Која е целта?**

- Унапредување на прекуграничната електронска трговија меѓу ЦЕФТА договорните страни: Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Намалување на административните и регулаторните пречки за електронско тргување.
- Поттикнување на дигиталната економија и електронското деловно работење во регионот.
- Подобрување на правната сигурност и предвидливоста за стопанските субјекти кои вршат електронска трговија.

**Планирано влегување во сила:**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Планирано влегување во примена:**

Меѓународниот договор произведува правно дејство согласно условите и датумите утврдени во самата Одлука и процедурите на ЦЕФТА за стапување на акти во сила.

## 4.Закони и акти објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“

**4.1. Закон/акт:**

Одлука за примена на одлуката на мешовитиот комитет на Централноевропскиот Договор за слободна трговија бр.11/2025 за признавање на напредни електронски потписи и напредни електронски печати

**За кој се однесува?**

- Државните органи и институции кои користат електронски потписи и печати.
- Давателите на доверливи услуги кои издаваат напредни електронски потписи или напредни електронски печати регистрирани во Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Правните лица кои разменуваат електронски документи во ЦЕФТА регионот: Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Стопанските комори и деловните субјекти кои вршат прекугранично работење со Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.

**Која е целта?**

- Обезбедување меѓусебно признавање на напредните електронски потписи и печати помеѓу државите кои се членки на ЦЕФТА и тоа: Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Олеснување на прекуграничното електронско работење и размена на документи.

**Влегување во сила:**

30 мај 2026 година.

**4.2. Закон/акт:**

Одлука за примена на одлуката на мешовитиот комитет на Централноевропскиот Договор за слободна трговија бр.12/2025 за признавање на квалификувани доверливи услуги

**За кој се однесува?**

- Државните органи и институции кои користат квалификувани доверливи услуги.
- Давателите на квалификувани доверливи услуги регистрирани во Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.

- Правните лица кои користат квалификувани доверливи услуги во ЦЕФТА регионот: Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Стопанските комори и деловните субјекти кои вршат прекугранично работење со Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.

**Која е целта?**

- Обезбедување меѓусебно признавање на квалификувани доверливи услуги помеѓу државите кои се членки на ЦЕФТА и тоа: Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Молдавија.
- Олеснување на прекуграничната употреба на квалификувани електронски потписи, електронски печати, временски жигови, услуги за препорачана електронска достава и други квалификувани доверливи услуги.
- Олеснување на прекуграничното електронско работење и размена на документи.
- Приближување кон европските стандарди за електронска идентификација и доверливи услуги – eIDAS.

**Влегување во сила:**

30 мај 2026 година.

## 5.Новости од ЕУ

### 5.1. AI Omnibus

Европскиот парламент и Советот постигнаа политички договор за изменување на правилата од Законот за вештачка интелигенција (AI Act), како дел од поширокатa иницијатива за поедноставување на дигиталното законодавство. По усвојувањето, измените ќе бидат објавени во Службениот весник на Европската Унија. Целта на овие измени е:

- Одложување на примената на обврските за високоризични AI системи и одложување на дел од обврските за AI системи вградени во производи.
- Воведување забрана за AI системи кои генерираат неовластени интимни содржини („nudification apps“).
- Појаснување на надлежностите на Европската канцеларија за AI.
- Овој предлог ги засега девелоперите и корисниците на AI системи.

- **5.2. Draft guidelines for the classification of high-risk artificial intelligence systems**
- Европската Комисија започна консултации за нацрт-насоките (Draft Guidelines) за утврдување и класификација на високоризични AI системи според AI Act. Овие нацрт - насоки се однесуваат на:
- Компании кои развиваат AI решенија.
- Банки и финансиски институции.
- Осигурителни компании.
- Работодавачи кои користат AI за селекција на кандидати при вработување.
- Образовни институции.
- Здравствени установи.
- Државни органи кои користат алгоритамско одлучување.

* Сите податоци содржани во овој преглед ги содржат информациите објавени од надлежни органи и институции. Овие податоци не го изразуваат ставот на Finelevate и не се замена за експертски консултации. Единствената цел е нивно собирање, структурирање и дисеминација на информации и документи кои се веќе објавени на соодветен начин, а кои се поврзани со дигитални алатки, дигитална трансформација или регулирање на употреба на ИТ за специфични цели.Оттука, овој преглед содржи единствено податоци што се поврзани со дигитализација. Други информации и податоци не се опфатени.

Finelevate360

# SPONSORS & PARTNERS

## PLATINUM SPONSOR

## GOLD SPONSOR

nextsense

tessa GROUP

PROPERTY ONE GROUP

INTERCERT SYSTEM CERTIFICATION

CaSys International

## SILVER SPONSOR

CISCO

25 KIBS Clearing house

KIBSTrust

## HONORARY

MACEDONIA 2025 Helping Build a Stronger Nation

МАСИТ

Startup Macedonia

GO digital

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

www.finelevate360.com